Градоначалник на општина Шуто Оризари- Šerutno ki komuna Šuto Orizari-Kryetari I komunës Shuto Orizari
Република Северна Македонија- Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 09-496/2
04.11.2026 год-berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 50, став 1, точка 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 202/24), и член 45, став 1, точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари“ бр.1/97),член 3 од Законот за заштита на укажувачи („Сл.Весник на РМ“ бр.196/15 и 35/18 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 257/20) како и член 2 од Правилникот за заштитетно внатрешно пријавување во јавниот сектор, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, донесе:

РЕШЕНИЕ
за именување на Овластено лице за заштитено внатрешно пријавување (укажувач) во општина Шуто Оризари

Член 1

За Овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во општина Шуто Оризари се именува:

Име и Презиме: Ерхан Фејзов

Работно место: Раководител на Одделение за нормативно-правни и општи работи и јавни набавки.

Е-пошта за пријави: erhan.fejzov@sutoorizari.gov.mk

Службен телефон: 075-938-737

Член 2

Овластеното лице од Член 1 од ова Решение е должно да постапува по пристигнатите пријави од укажувачи во согласност со Законот за заштита на укажувачите, подзаконските акти и интерните процедури на Општината.

Член 3

Овластеното лице е должно да го заштити идентитетот на укажувачот и податоците содржани во пријавата во согласност со прописите за Заштита на личните податоци и тајноста на информациите. Овие податоци не смеат да се откриваат на ниту едно трето лице, вклучително и на раководните структури, освен во случаи пропишани со закон.

Член 4

Член 5

Општина Шуто Оризари се обврзува да му обезбеди на Овластеното лице соодветни технички и просторни услови кои гарантираат целосна дискреција при приемот и обработката на пријавите (посебен физички орман со клуч за чување на досиејата и заштитен дигитален пристап со шифра).

Член 6

Контакт податоците на Овластеното лице (службен телефон и наменска е-пошта) задолжително се објавуваат на официјалната веб-страница на општина Шуто Оризари и на видливо место на огласната табла во зградата на општината.

Член 6

Ова Решение стапува на сила со денот на донесувањето.

Градоначалник на општина Шуто Оризари
Курто Дудуш